# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

15.10.2024 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.47 ГОД.29

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н


## С о д р ж и н а


1.Одлука за одобрување за поднесување на Предлог-проект до Интеррег(VI-A) IPA CBC „Грција-Северна Македонија 2021-2027“.

2.Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

3.Решение на овластениот градежен инспектор диа Иван Трајков Ип1 бр.12-62 од 05.09.2024 година.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1982/1 за одобрување за поднесување предлог-проект до Interreg (VI) IPA СВС „Грција-Северна Македонија“ 2021-2027 година,донесена на четириесетиседмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 15.10.2024 година.

Бр.09-1984/1 Општина Босилово
15.10.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 5/02), и член 21 став 1 точка 6 од Статутот на општина Босилово ( „Службен гласник на општина Босилово“ бр. 21/14), на седницата одржана на 15.10.2024 година, Советот на општина Босилово донесе:

**О Д Л У К А**

За одобрување за поднесување предлог-проект до Interreg (VI-A) IPA СВС „Грција-Северна Македонија 2021-2027“

Грчкиот управен орган „INTERREG 2021-2027“, со 1-виот повик, Уп. бр. 124166/ 21.12.2023–143404/3.10.2024 (шифра 4596) ги покани потенцијалните крајни корисници, да поднесат предлог проекти за приклучување кон Interreg (VI-A) ИПА СВС „Грција-Северна Македонија 2021-2027“

Следниве се предлагаат за одобрување:

Член 1

Да се одговори позитивно на конкретниот повик на Управниот орган, како корисник на проектот, за Проектот насловен „Отпорност на вештините преку искористување на карактеристиките на екотуризмот на прекуграничната област“, акроним ECOSKILLS, под приоритетната оска 3 и специфичната цел 4.6_Подобрување на улогата на културата и одржливиот туризам во економскиот развој, социјалната инклузија и социјалните иновации.

Член 2

Да се овласти Ристо Манчев Градоначалник на Општина Босилово да ги преземе сите потребни дејствија за:

А. Предлог-проектот за поднесување да биде завршен и навреме да се достави за евалуација до Управниот орган, во согласност со условите на повикот и во соработка со останатите партнери.

Б. Да се определат потребните контакти и да се финализираат дискусиите со партнерите, во однос на заедничкиот развој на предлог-проектот, правилата за ко-имплементација, ко- персонал и кофинансирање, што ќе доведе до потпишување на потребните документи за да се потврди прекуграничниот атрибут на предложениот проект и да се покаже кои се заедничките придобивки.

В. Да потпише или законски да овласти претставник да го стори тоа, секој документ потребен за таа цел, а усогласен со условите за поднесување на Повикот за предлози.

Член 3

Да се обезбеди институционален и финансиски континуитет на предложените акции и одржливост на резултатите, доколку бидат усвоени, по завршувањето на предложениот рок.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр. 08-1982/1    Совет на општина Босилово
15.10.2024 година    Претседател,
Босилово    Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1983/1 за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2024 година,донесена на четириесетиседмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 15.10.2024 година.

Бр.09-1985/1    Општина Босилово
15.10.2024 година    Градоначалник,
Б о с и л о в о    Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 став 2, 5, и 6 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21), Советот на општина Босилово на 45-та седница одржана на ден 15.10.2024 година.

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БОСИЛОВО**
**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БОСИЛОВО за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -100.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -50.000 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Босилово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Бр. 08-1983/1
15.10.2024

Претседател на Советот на Општината
**МИТО АНДОНОВ**

Република Северна Македонија
Општина Босилово
Ип1 бр.12-62
05.09.2024 година

Одделението за инспекциски надзор при општина Босилово преку општинскииот градежен инспектор Иван Трајков, со службена легитимација број 35-0003, по поднесена пријава за бесправна градба, изврши вонреден инспекциски надзор на КП бр.4234/4 во КО Босилово, со Записник број ИП1 бр.12-62 од 05.09.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на чл.135, од Законот за градење, на ден 05.09.2024 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1) Се наредува на инвеститорот Дарко Ѓоргиев од с.Сарај, да ја отстрани бесправната градба помошен објект во функција на основниот.
2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува 30 дена.
3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспектрот дали е извршена инспекциската мерка.
4) Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

**Образложение**

Одделението за инспекциски надзор при општина Босилово врз основа на чл.135 од Законот за градење, преку општинскииот градежен инспектор Иван Трајков, со службена легитимација број 35-0003, изврши вонреден инспекциски надзор на локација во с.Босилово, поточно на КП бр.737/2 во КО Сарај, и го констатира следното :

На дел од КП бр.737/2 во КО Сарај е изведен помошен објект од метална конструкција. Објектот е лоциран југо-западно од семејната куќа. Габаритот на градбата е 10м/5м. Фундаментите и подната плоча се изведени од армирано-бетонска конструкција, а вертикалните столбови и кровната конструкција се од кутијасти метални профили. Покриен е со термо-панел од пластифициран лим и преграден со исти таков панел од трите страни. Од четвртата страна објектот е отворен.

Согласно чл.135, од Законот за градење (Сл.весник на бр.130/2009,124/10,18/11,36/11,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14, 49/14 и 44/15) со оваа Решение, градежниот инспектор МУ НАРЕДУВА на инвеститорот отстранување на градбата, бидејки градбата е изградена без Решение за изведба. Согласно чл.137 став 4 од истиот закон Жалбата изјавена против Решението на општинскиот градежен инспектор, не го одлага извршувањето на решението.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа решение недоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението преку овој орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, таксирана со 250 ден.административна такса,согласно Законот за административни такси (Сл.весник на РМ бр.64/04 тарифен број 2)

Таксата се плаќа на Трзорска сметка на НБРМ бр.100000000063095, уплатна сметка 840-106-03182,приходна шифра 72231500 со цел на дознаката административни такси.

**Решено во Одделението за инспекциски надзор при општина Босилово под број ИП1 бр.12-62 од 05.09.2024 година.**

М.П.

**Општина Босилово**
**Општински градежен инспектор**
**Службена легитимација број**
**35-0003**
**д.и.а.Иван Трајков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2 во врска со член 33 став 2, 5, и 6 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр.64/05, 04/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21), Советот на о Босилово на 45-та седница одржана на ден 15.10.2024 година.

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БОСИЛОВО**

**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БОСИЛОВО за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -200.000 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -100.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -50.000 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -50.000 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Босилово и стануе составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Бр. 08-1983/1
15.10.2024

Претседател на Совет
Општината
**МИТО АНДОНОВ**

Согласно чл.135, од Законот за градење (Сл.весник на бр.130/2009,124/10,18/11,36/11,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14, 49/14 и 44/15) со оваа Решение, градежниот инспектор МУ НАРЕДУВА на инвеститорот отстранување на градбата, бидејќи градбата е изградена без Решение за изведба. Согласно чл.137 став 4 од истиот закон Жалбата изјавена против Решението на општинскиот градежен инспектор, не го одлага извршувањето на решението.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа решение недоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на решението преку овој орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка, таксирана со 250 ден.административна такса,согласно Законот за административни такси (Сл.весник на РМ бр.64/04 тарифен број 2)

Таксата се плаќа на Трзорска сметка на НБРМ бр.100000000063095, уплатна сметка 840-106-03182,приходна шифра 72231500 со цел на дознаката административни такси.

**Решено во Одделението за инспекциски надзор при општина Босилово под број ИП1 бр.12-62 од 05.09.2024 година.**

М.П.

**Општина Босилово**
**Општински градежен инспектор**
**Службена легитимација број**
**35-0003**
**д.и.а.Иван Трајков**